МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

**ОПШТИНА АЕРОДРОМ**
Сектор за комунални работи,
урбанизам и заштита на животната
средина
бул. „Јане Сандански„ бр. 109 Б

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Сектор за комунални работи, урбанизам и
заштита и унапредување на животната средина
Бр. 18-642/2
18 MAR 2025 20 ___ год.
СКОПЈЕ

**До**
в. д. Градоначалник
на Општина Аеродром
Дејан Митески
- тука

Врз основа на член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 171/24 и 224/24), а во врска со доставен предлог за одобрување на Планска програма за изменување и дополнување на Детален урбанистички план за градска четврт И09, Нова железничка станица, Општина Центар и Општина Аеродром - Скопје, Комисијата за урбанизам на Општина Аеродром формирана од градоначалник со Решение за измена на Решение за формирање Комисија за урбанизам на Општина Аеродром бр.04-1236/3 од 15.6.2023 година дава:

**ПРЕДЛОГ**

**за одобрување Планска програма за изменување и дополнување на Детален урбанистички план за градска четврт И09, Нова железничка станица, Општина Центар и Општина Аеродром - Скопје**

Преку електронскиот систем е-урбанизам е доставено барање со бр.69351со архивски бр.18-642/1 од 03.03.2025 година за одобрување Планска програма за изменување и дополнување на Детален урбанистички план за градска четврт И09, Нова железничка станица, Општина Центар и Општина Аеродром - Скопје, со тех. бр. 28/2025 од февруари 2025 год. изработена од Институтот за урбанизам, сообраќај и екологија ИН-ПУМА ДОО Скопје.

Опфатот на Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Градска четврт И 09 - Нова железничка станица, Општина Центар - Скопје и Општина Аеродром - Скопје е соодветен на опфатот на донесениот Детален урбанистички план, затоа што опфатот на планот е утврден во ГУП на Град Скопје како една градска четврт (и покрај тоа што суштинските изменувања и дополнувања во уредувањето на просторот ќе се однесуваат исклучиво за административната територија на Општина Центар-Скопје), со површина до регулациони линии 6,6 ха, односно со површина од 8,51 ха до оските на сообраќајниците:

- на североисток по собирна улица бул. „Кузман Јосифовски-Питу“,
- на југоисток по собирна улица „Борис Кидрич“,
- на југозапад по собирна улица „3-та македонска бригада“,
- на северозапад по собирна улица „Никола Карев“.

Разликата меѓу површината до регулационите линии според ГУП и планскиот опфат е дел зафатен со сообраќајни површини.

Комисијата за урбанизам на Општина Аеродром, Скопје, го разгледа барањето за одобрување на Планската програма и констатира:

Планската програма со технички бр. 28/2025 од февруари 2025 год. од Институтот за урбанизам, сообраќај и екологија ИН-ПУМА ДОО Скопје е изработена согласно со Законот за

урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 171/24 и 224/24) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25). Запазени се и одредбите од Законот за урбано зеленило (Сл. весник на РМ 11/18 и 42/20 и 224/24) како и друга релевантна законска и подзаконска регулатива.

За предметниот плански опфат донесени се следниве урбанистички планови:

- Генерален урбанистички план на Град Скопје 2012 (Одлука на Совет бр.07-5068/1 од 03.12.2012 година).
- Детален урбанистички план Градска четврт И 09 Нова железничка станица Општина Центар - Скопје (Одлука на Совет бр. 08-5319/14 од 17.12.2020 година).

За регуларноста на планот во однос на параметрите дадени со ГУП е надлежен Град Скопје и други институции, од кои во текот на постапката за донесување на урбанистичкиот план треба да се обезбедат мислења и согласности.

Врз основа на горенаведеното, согласно со член 44 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 171/24 и 224/24), Комисијата за урбанизам му предлага на в. д. градоначалникот на Општина Аеродром да ја одобри Планската програма за изменување и дополнување на Детален урбанистички план за градска четврт И09, Нова железничка станица, Општина Центар и Општина Аеродром - Скопје.

**Комисија за урбанизам:**

Иван Кокалановски, д.и.а

Зоран Пауноски, д.и.а

Страшко Хаџи Коцев, д.и.а

Република Северна Македонија
Сектор за комунални работи, урбанизам и заштита и унапредување на животната средина
Општина АЕРОДРОМ

Елена Дракуловска Гигов, д.и.а

Elena Drakulovska Gigov

Digitally signed by Elena Drakulovska Gigov
Date: 2025.03.10 15:18:51 +01'00'

Александар Јанакиески, д.и.а

Aleksandar Janakieski

Digitally signed by Aleksandar Janakieski
Date: 2025.03.10 21:06:04 +01'00'

Јован Христоски, д.с.и

Jovan Hristoski

Digitally signed by Jovan Hristoski
DN: c=MK, serialNumber=206558, sn=Hristoski, givenName=Jovan, cn=Jovan Hristoski
Date: 2025.03.12 10:06:44 +01'00'

Датум: 10.03.2025 год.